Кофинансирано од Европската Унија

Кофинансирано од Шведска

Sweden Sverige

РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО: Случаите со Прилеп и со Крушево



#родовосензитивниконЕУ
#родовосензитивниЕУинтеграции

Проектот „Родово-одговорно планирање на локално ниво: Случајот со Прилеп и Крушево“, имплементиран од Finance Think - Институт за економски истражувања и политики е поддржан од Реактор – Истражување во акција и нивните партнери преку акцијата „Унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување во ЕУ“. Акцијата е финансирана од Европската Унија и ко-финансирана од Шведска.

Оваа публикација е создадена со финансиска поддршка на Европската Унија, ко-финансирана од Шведска. Содржината е единствена одговорност на Finance Think - Институт за економски истражувања и политики и не ги одразува ставовите на Европската Унија или Шведска.

Кофинансирано од Европската Унија

Кофинансирано од Шведска

РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО: Случаите со Прилеп и со Крушево

Деспина Туманоска

Проектот „Родово-одговорно планирање на локално ниво: Случајот со Прилеп и Крушево", имплементиран од Finance Think - Институт за економски истражувања и политики е поддржан од Реактор – Истражување во акција и нивните партнери преку акцијата „Унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување во ЕУ". Акцијата е финансирана од Европската Унија и ко-финансирана од Шведска.

Оваа публикација е создадена со финансиска поддршка на Европската Унија, ко-финансирана од Шведска. Содржината е единствена одговорност на Finance Think - Институт за економски истражувања и политики и не ги одразува ставовите на Европската Унија или Шведска.

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД **4**

2. СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ПРИЛЕП И НА КРУШЕВО **6**

2.1 Локација, големина и население 6

2.2 Пазар на труд 7

2.3 Образование 9

2.4 Социјална заштита 10

2.5 Здравство 13

3. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ **14**

4. БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП И КРУШЕВО **16**

4.1 Структура на приходи 16

4.2 Структура на расходи 18

5. ГОДИШНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП И КРУШЕВО **20**

5.1 Активности од годишните програми директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 20

5.2 Активности од годишните програми индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост 22

5.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на еднаквите можности 30

6.ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ **34**

1. ВОВЕД

Родово одговорното создавање политика ги зема предвид различните потреби, ситуации, искуства, придонеси и потенцијали на мажите и на жените. Жените сочинуваат една половина од светското население и неуспехот да им се даде еднаков пристап до ресурсите и можностите го ограничува придонесот што можат да го дадат во општеството како целина. Во рамките на меѓународната развојна заедница е прифатено дека целосното препознавање на улогата на жените и овозможувањето да ги остварат своите потенцијали, талент и способности е клучно за успешно намалување на сиромаштијата. Затоа, воведувањето на процесот на родово одговорно создавање политика е од витално значење, особено на локално ниво. Во Северна Македонија корените на родово одговорно создавање политика датираат од 2007 година, но властите ги засилија своите напори за воведување на овој процес во 2012/13 година со усвојување на Стратегијата за воведување родово одговорно буџетирање 2012 – 2017 година и Националната стратегија за родова еднаквост 2013 – 2020 година, чијашто цел е вградување на родовата перспектива во главната макроекономска политика. Локалната власт е обврзана да го вгради принципот на еднакви можности во буџетот, стратегиите и во плановите, како и да ги следи ефектите и влијанието на програмите врз жените и мажите и да известува во рамките на годишните извештаи. Од усвојувањето беа преземени неколку иницијативи за воведување родово одговорно создавање политика обезбедувајќи значителен стимул за државната и за локалната власт да го воведат овој процес во текот на создавањето политика. Често овие иницијативи беа насочени кон партиципативно буџетирање и вклучуваа поддршка на локалните засегнати страни (локални функционери и граѓански организации) за анализа и поставување локален буџет земајќи ја предвид родовата перспектива. Сепак, нашата неодамнешна акција за евалуација на родово одговорното создавање политика во неколку општини откри поразителни резултати. Имено, при подготовка на локални стратегиски документи и програми ретко се зема предвид родовата перспектива, додека буџетските средства наменети за активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост се многу мали, речиси незначителни. Нашите наоди покажуваат дека во локалните програми недостигаат активности насочени кон нови установи за згрижување деца на предучилишна возраст и стари лица, што може значително да го намали товарот на грижата на жителите, особено жените, и да го поттикне нивното активирање на пазарот на трудот. Дополнително, многу малку се инвестира во активности што го олеснуваат извршувањето на домашните обврски (како изградба на редовни системи за водоснабдување во руралните заедници), особено за жените, што може да придонесе за повеќе слободно време (да се посвети на себеси) и пристап

до пазарот на труд. Само две од анализираните општини издвојуваат средства наменети за жртвите на семејно насилство, кои најчесто се жени. Списокот на родово одговорни активности што недостигаат во локалните програми е бесконечен, но следниве два аспекта го ограничуваат нивното вклучување во локалните програми: 1. Недостиг од евалуација заснована на докази на тековниот процес на локално планирање, 2. Недостиг од партиципативен процес на локално планирање, т.е. невклучување на локалните жени и мажи во процесот на дизајнирање локални програми. Оттука, целта на оваа анализа е да направи преглед на локалните програми во општините Прилеп и Крушево за да испита дали и во која мера при нивното планирање е земен предвид принципот на родова одговорност, но и да дадат препораки за локалната власт за спроведување активности во согласност со потребите и приоритетите на локалните жени и мажи, во насока на зголемување на квалитетот на живот во локалната заедница.

Анализата е организирана на следниов начин. Дел 2 дава преглед на социјалната карта на двете општини, со цел утврдување на постојната положба на жените и на мажите во локалната заедница од аспект на нивна социјална и здравствена заштита, како и нивната позиција на пазарот на труд. Во дел 3 е опишана користената методологија, а дел 4 прави анализа на буџетот на двете општините за 2022 година, со цел утврдување на кој начин се собираат и трошат јавните пари. Дел 5 ги анализира активностите предвидени во годишните програми за 2022 година со цел утврдување дали и во која мера се директно или индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост во општините. Последниот дел ја заклучува анализата и дава препораки за локалната власт за поттикнување еднакви можности во локалната заедница.

2. СОЦИЈАЛНА КАРТА НА ПРИЛЕП И НА КРУШЕВО

2.1 Локација, големина и население

Општините Прилеп и Крушево се наоѓаат во Пелагонискиот регион на Република Северна Македонија. Општина Прилеп зафаќа површина од 1.194 км^2, и покрај градот Прилеп, оваа општина вклучува и 58 рурални населени места. Општина Крушево е помала општина, составена од 19 населени места, кои се протегаат на површина од 190 км^2 .

Според последниот попис спроведен во 2021 година, во општина Прилеп живеат 69.025 жители, додека Крушево има 8.385 жители. И во двете општини не се забележуваат значителни разлики во половата структура. Анализата на населението во однос на возраста покажува дека речиси 75 проценти од жителите на општината се работоспособно население на возраст меѓу 15 и 64 години. Сепак, оваа бројка само индицира на вкупното работоспособно население во општината, со оглед на тоа што оваа бројка ги вклучува и тие што не се активни и не ја нудат својата работна сила на (локалниот) пазарот на труд. Дополнително, табела 1.1 покажува дека во Прилеп и во Крушево живеат 4.382 и 592 деца на предучилишна возраст, соодветно, а 13.481 и 1.633 лица се во пензионерски години, повозрасни од 64 години, со што коефициентот на старосна зависност изнесува 29,7 проценти во Прилеп и 30,6 проценти во Крушево и е понизок од коефициентот за Пелагонискиот регион од 46,8 проценти (Државен завод за статистика на РСМ, 2021 година)[1]. Притоа, и во двете општини, 54 проценти од населението повозрасно од 64 години се жени, а 45 проценти се мажи. Во другите возрасни групи не се забележуваат значителни родови разлики.

Табела 1.1 Број на население во Прилеп и во Крушево во 2021 година, според возраст и пол

		до 6	7 - 14	15 - 29	30 - 39	40 - 49	50 - 59	60 - 64	65+
Прилеп	Вкупно	4.382	5.911	11.452	9.194	9.689	9.690	5.226	13.481
	Мажи	2.231	3.028	5.885	4.726	4.832	4.797	2.578	6.131
	Жени	2.151	2.883	5.567	4.468	4.857	4.893	2.648	7.350
Крушево	Вкупно	592	830	1.496	1.017	1.119	1.154	544	1.633
	Мажи	301	442	806	523	574	598	279	753
	Жени	291	388	690	494	545	556	265	880

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[1] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021) Регионите во Република Северна Македонија

2.2 Пазар на труд

Општините Прилеп и Крушево се наоѓаат во Пелагонискиот регион во земјава, кој се карактеризира со стапка на невработеност од 13,5 проценти,, што е пониска од националната стапка на невработеност од 16,4 проценти во 2020 година. Дополнително, во Пелагонија се забележуваат највисоките стапки на вработеност (55,1 проценти) и активност (63,7 проценти) по Југоисточниот регион. Сепак, не постојат официјални статистички податоци за вработеноста, невработеноста и за активноста на населението по општини, па оттука остануваат непознати статистичките податоци за понудата на работна сила во општината. Ако се анализираат податоците за стапката на невработеност во овој регион, заклучокот е дека жените се во понеповолна положба во однос на мажите, со оглед на тоа што нивната стапка на невработеност (14,3 проценти) е повисока од таа кај мажите (12,6 проценти), а и двете стапки се пониски од националниот просек од 16,4 проценти (Државен завод за статистика, 2020)[2].

Во однос на деловните субјекти што работат на територијата на овие општини, во 2020 година има 2.764 активни субјекти во Прилеп и 206 во Крушево. Според секторот во кој дејствуваат, една третина од активните деловни субјекти во двете општини работат трговија на големо и мало, а потоа се преработувачка индустрија, транспорт и складирање и стручни и научни дејности (табела 1.2). На национално ниво, половата структура на вработени во овие клучни сектори, освен транспорт и складирање, покажува дека стапката на вработени жени е поголема во споредба со мажите, што може да укажува на поповолен амбиент за вработување на жените што живеат во овие општини.

[2] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2020) Регионите во Република Северна Македонија 2020

Табела 1.2 Активни претпријатија, по сектор

Сектор	Број на активни субјекти	
	Прилеп	Крушево
Вкупно	2.764	206
Земјоделство, шумарство, рибарство	76	5
Рударство	10	0
Преработувачка индустрија	393	23
Снабдување со вода	9	1
Градежништво	156	8
Трговија на големо и мало	979	69
Транспорт и складирање	222	24
Објекти за сместување и храна	149	22
Информации и комуникации	37	6
Финансиски дејности и осигурување	12	0
Дејности во врска со недвижен имот	17	0
Стручни, научни и технички дејности	244	8
Административни и помошни услужни дејности	53	2
Јавна управа и одбрана	4	2
Образование	49	4
Здравствена и социјална заштита	131	11
Уметност, забава и рекреација	67	7
Други услужни дејности	156	14

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

И во двете општини е развиена текстилната индустрија каде што се вработени голем дел од жителите на општината, меѓу кои 80 проценти се жени[3]. Вообичаено, текстилната индустрија се карактеризира како високоинтензивна[4] и нископлатена, односно работниците во оваа индустрија земаат плата пониска од две третини од средната национална плата, што укажува на тоа дека голем број жени од овие две општини се вработени на нископлатени работни позиции. Дополнително, текстилната индустрија е еден од секторите каде што родово базираната дискриминација на работното место е чест случај.[5]

[3] Државен завод за статистика (2019) Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект и нето-плата, по години (база на податоци)

[4] International Labor Organization (2020) COVID-19 and the World of Work: Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses

[5] Реактор – Истражување во Акција (2022) Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија

2.3 Образование

Образованието во општина Крушево се изведува во две основни и во едно средно угостителско-туристичко училиште, додека во Прилеп има 10 основни и пет средни училишта што нудат гимназиско, економско, медицинско, индустриско и хемиско образование

Во учебната 2020/2021 година, во основните училишта во Крушево се запишани 770 ученици, 47,6 проценти девојчиња и 52,4 проценти момчиња, додека во Прилеп има 6.512 ученици со речиси иста полова структура како во Крушево. Во средното угостителско училиште во Крушево, пак, се запишани вкупно 143 ученици, од кои 63 проценти се мажи, а во средните училишта во Прилеп има 3.308 ученици.

Табела 1.3 Запишани ученици/чки во основно образование

	Основно образование		Средно образование	
	Прилеп	Крушево	Прилеп	Крушево
Вкупно	6.512	770	3.308	143
Ученички	3.157	367	1.667	53
Ученици	3.355	403	1.641	90

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Истата учебна година, во основно образование во Прилеп се вработени 517 наставници, а во Крушево 103 наставници. Родовата анализа на вработените наставници во табела 1.5 покажува дека во основните училишта во овие општини доминираат вработени наставнички, особено во Прилеп каде што 75,2 проценти од вработените се жени. И во средните училишта во Прилеп доминираат вработени жени, додека во средното училиште во Крушево има вкупно 30 вработени, од кои 16 се жени, а 14 мажи.

Табела 1.4 Наставници/чки во основните и во средните училишта, по пол

Вид училиште	Пол	Основни училишта	Средни училишта
Прилеп	Жени	389	201
	Мажи	128	88
Крушево	Жени	53	16
	Мажи	50	14

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

2.4 Социјална заштита

Социјалната заштита во овие две општини се нуди преку мрежа установи како детски градинки, дневни центри и меѓуопштински центри за социјална работа. На жителите на Прилеп на располагање им стојат една детска градинка, два дневни центра за лица со попреченост, дом за стари лица и меѓуопштински центар за социјална работа, додека во Крушево има една детска градинка, дневен центар за лица со попреченост и општински центар за социјална работа.

Во општина Прилеп има една јавна установа за згрижување деца на предучилишна возраст, детската градинка „Наша иднина“, чијшто проектиран капацитет е 700 деца[6], што е 16 проценти од вкупниот број деца на предучилишна возраст што живеат во општината. Според Државниот завод за статистика на РСМ[7] во 2017 година во оваа установа биле згрижени 950 деца на возраст до шест години што укажува на преоптовареност на оваа јавна установа изложувајќи го на ризик квалитетот на своето работење додека 400 деца не биле згрижени во детска градинка поради недостиг од слободни места, што, пак, укажува на потреба од проширување на постојниот капацитет и од нови слободни места за згрижување деца.

Во установата има вкупно 143 вработени, од кои 128 се жени, а 15 се мажи, кои се вработени само како административни и технички работници и готвачи, а ниту еден маж не е вработен како кадар за згрижување и воспитување (табела 1.6).

Табела 1.5 Вработени лица во детски градинки во Прилеп, по пол

	Директори и стручни соработници/чки	Негуватели/ки	Воспитувачи/ки	Административни и технички работници/чки	Готвачи/ки
Вкупно	6	48	45	36	8
Жени	6	48	45	24	5
Мажи	0	0	0	12	3

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

[6] Државен завод за статистика на РСМ (2017) Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој

[7] Државен завод за статистика на РСМ (2017) Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој

Во Прилеп постојат две организациски единици што нудат дневен престој: Дневен центар за деца со посебни потреби „Суница“ и Дневен центар за лица со церебрална парализа. Дневниот центар за деца со посебни потреби „Суница“ има надлежности во обезбедување услуга за дневен престој, активности за здобивање животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација и социјална поддршка на лица со попреченост. Центарот има капацитет за згрижување 25 лица – деца со умерена и тешка интелектуална попреченост, и тим од шест стручни лица со различни профили и стручна подготвеност. Вообичаено, бројот на лица што го посетуваат центарот е помал од проектираниот капацитет, што најчесто се должи на недостиг од вработени лица. Дневниот центар за лица со церебрална парализа е отворен во септември 2018 година и нуди едукација и социјализација на лицата од оваа ранлива категорија, работа со стручни кадри, негувателки и други услуги. Во центарот се очекува да има 25 корисници, но бројот на корисници е помал.

Центарот за социјална работа во Прилеп е меѓуопштински центар со надлежност за општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени и работи на обезбедување услуги за социјална заштита и парични права од социјална заштита. Тука жителите може да ги добијат социјалните услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, од тим во кој нема педагог, а бројот на социјални работници е недоволен. Дополнително, жителите на Прилеп тука ги остваруваат своите парични права најчесто по основа на додаток за помош и нега од друго лице и гарантирана минимална помош.

И во општина Крушево има една јавна установа за згрижување деца на предучилишна возраст, детската градинка „Гонча Туфа“, чијшто проектирани капацитет е 90 деца[8], што е 15 проценти од вкупниот број деца на предучилишна возраст што живеат во општината. Според Државен завод за статистика на РСМ[9] во 2017 година во оваа установа биле згрижени 90 деца на возраст до шест години со што е исполнет проектираниот капацитет.

Во установата има вкупно 38 вработени, од кои 32 се жени, а пет се мажи, кои се вработени само како административни, технички и стручни работници, а ниту еден маж не е вработен како кадар за згрижување и воспитување (табела 1.7).

[8] Државен завод за статистика на РСМ (2017) Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој

[9] Државен завод за статистика на РСМ (2017) Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој

Табела 1.6 Вработени лица во детски градинки во Крушево, по пол

	Директори и стручни соработници/чки	Негователи/ки	Воспитувачи/ки	Административни и технички работници/чки	Готвачи/ки
Вкупно	20	5	5	8	0
Жени	17	5	5	5	0
Мажи	3	0	0	3	0

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Во Крушево има Дневен центар за деца и младинци со попреченост, кој го посетуваат 14 лица на различна возраст. Во центарот работат четири лица од кои само две се стручни профили, што го загрозува квалитетот на услугите што се нудат. Центарот располага само со една просторија и е недостиг што сите лица и сите активности се згрижуваат и изведуваат тука и што во моментов нема место за примање нови членови.

Центарот за социјална работа (ЦСР) во Крушево е општински центар надлежен само за општина Крушево каде што жителите може да ги добијат социјалните услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување. Овие услуги што ги нуди центарот се комплетни, односно се нудат сите предвидени советодавни и стручни активности што опфаќаат помош и поддршка на семејства со нарушени односи, деца, жртви и сторители на семејно насилство и сл., но ЦСР нема соодветна просторија каде што ги нуди услугите, туку се даваат во канцеларијата на стручното лице.

2.5 Здравство

Прилеп и Крушево се два од 30 здравствени региони во Република Северна Македонија што опфаќаат 109 и 19 населени места, соодветно, и нудат услуги на повеќе од 100 илјади жители. Карактеристиките на овие здравствен регион се прикажани во табела 1.8.

Табела 1.7 Карактеристики на здравствен регион

Општина	Површина во км^2	Број на населени места	Број на жители	Жители на км^2
Прилеп	1.841	109	94.278	52,1
Крушево	204	19	9.327	47

Извор: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Во здравствен регион Прилеп има 244 лекари, од кои 120 се специјалисти, 98 се лекари по општа медицина, а другите 26 се специјализанти. Во овој регион има четири лекари специјалисти и осум здравствени работници што работат во дејноста за здравствена заштита на жени и е еден од здравствените региони со најголем број здравствен персонал што дава заштита на жени.

Во здравствениот регион Крушево има само 12 лекари, од кои три се специјалисти, а девет се лекари по општа медицина. Во овој регион нема лекари и здравствени работници што работат во дејноста за здравствена заштита на жени, што значи дека локалните жени треба да патуваат во други здравствени региони за да добијат ваква услуга.

3. МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

Целта на оваа студија е анализа на локалните програми и активности насочени кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Методологијата користи пристап до документациска анализа на локалниот буџет за 2022 година, како и анализа на сите постојни локални програми со цел идентификација на родово специфични активности. Притоа, документациската анализа е спроведена низ следниве чекори:

1. Буџетска анализа на структурата на приходите и на расходите на општината (според намена на ниво на ставка) со цел утврдување на финансискиот потенцијал.

2. Анализа на сите локални програми за 2022 година, со цел утврдување активности што се насочени кон унапредување на родовата еднаквост во општината. Притоа, ја користиме методологијата на ОЕЦД за творци на родова политика (OECD DAC Methodology for Gender Policy Maker) каде што активностите што се директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост се категоризирани со 2; 1 доколку се индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост; и 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината[10]. Притоа, директно насочените активности имаат примарна цел да ја унапредат родовата еднаквост во општината, додека индиректните не целат примарно кон унапредување на родовата еднаквост, но нивното спроведување може да придонесе кон зголемување на еднаквите можности на жените и на мажите.

3. Буџетска анализа на активностите што во точка три се категоризирани со 1 и со 2, со цел утврдување на учеството на алоцираните средства за нивно спроведување во вкупната програма и во буџетот на Општината.

Во рамки на документациската анализа се користени податоци од буџетот на двете општини за 2022 година и нивните ребаланси, и локалните годишни програми за 2022 година што се јавно достапни. Како извор на податоци се користени веб-страницата на општината, службените весници, податоци добиени преку директен контакт со претставници од локалните институции, податоци добиени преку барање за податоци од јавен карактер и од секторот за изработка на буџет при општините.

[10] Овој начин на категоризација на активностите е во согласност со родовите маркери на OECD/DAC. Повеќе на https://www.oecd.org/dac/gender-development/dac-gender-equality-marker.htm

Со цел збогатување на анализата со квалитативни наоди, спроведени се интервјуа со претставници на Комисиите за еднакви можности во Прилеп и во Крушево, во согласност со претходно утврден полуструктуриран водич за интервју. Целта на интервјуата е добивање квалитативни наоди за учеството на комисијата за еднакви можности во процесот на подготовка и на разгледување на локалните годишни програми заради вклучување на принципот на еднакви можности.

За да добиеме увид во потребите на локалните жени и мажи за активности што се во надлежност на локалната власт (социјална заштита, уредување градежно земјиште, образование, паркови и зеленило и слично) со цел подобрување на квалитетот во заедницата и унапредување на родовата еднаквост, спроведена е фокусна група со жители на двете општини, чиешто регрутирање следеше структуриран тек. Имено, за учесници беа избрани жители на општината што имаат искуство во користење некоја активност од општината (на пример, еднократна финансиска помош) или имаат потреба од активност што може да ја понуди општината со цел унапредување на родовата еднаквост и квалитетот на живот. Во фокусните групи организирани во периодот септември / октомври 2022 година учествуваа вкупно 30 лица, од кои 19 жени и 11 мажи, најголем дел на возраст од 20 до 39 години (графикон 3.1)

Графикон 3.1 Демографски карактеристики на учесниците во фокусните групи



4. БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП И КРУШЕВО

4.1 Структура на приходи

Анализата на буџетот на Прилеп и на Крушево, планиран за 2022 година ја почнуваме со преглед на структурата на приходи, прикажана на графикон 3.1. Тоа што се гледа јасно е дека и двете општини се **зависни од финансирање од централниот буџет, особено општина Крушево каде што дури 77 проценти** од приходите на Општината се по основа на трансфери и на донации, што, главно, се користат за извршување на пренесените надлежности во образованието, културата и детските градинки. Следен најголем извор на финансирање се **даночните приходи, со учество од 18 проценти** во Прилеп и 15 проценти во Крушево, од вкупните приходи. Во оваа категорија, една половина од приходите отпаѓаат на приходи за даноци на специфични услуги, во кои спаѓаат различни комунални такси (за привремен престој, за истакнување фирма, односно назив на деловна просторија, за користење улици со различни возила, што се плаќа при регистрација на возилата, за користење и одржување јавно осветлување, за истакнување реклами и информации, за паркирање, надомест од комунална дејност и други), 35 проценти се даноци на имот, а другиот дел од приходите се собира од такси за користење или дозволи за вршење дејност (пет проценти) и од данок од доход, добивка и капитални добивки (шест проценти). **Капиталните приходи учествуваат со речиси 10 проценти** во вкупните приходи на Општина Прилеп, и три проценти во вкупните приходи на Општина Крушево и, главно, доаѓаат од продажба на општинско земјиште. Неданочните приходи учествуваат со пет до шест проценти во вкупните приходи и се однесуваат на глоба, судски и административни такси, такси и надомест и други владини услуги, или таканаречени парафискални давачки за компаниите и за жителите на општината. Ваквата структура упатува на тоа дека и двете општини имаат ограничен потенцијал за финансирање од сопствени извори.

Графикон 4.1. Структура на буџетски приходи

Прилеп



Крушево



Извор: Буџет на Општина Прилеп и на Општина Крушево за 2022 година, пресметка на авторите



4.2 Структура на расходи

Структурата на буџетските расходи на општините Прилеп и Крушево е претставена на графикон 3.2 и упатува на податокот дека речиси една половина од расходите во двете општини се наменети за плати и надомест, во кои спаѓаат платите и придонесите на администрацијата на општината и на лицата вработени во противпожарна заштита, основно и средно образование, детски градинки и култура. Следна категорија по големина се стока и услуги со учество од 28 проценти што опфаќаат различни трошоци за договорни услуги, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, патни и дневни расходи, поправки и тековно одржување и привремени вработувања. Капиталните расходи учествуваат со 12 проценти во вкупните расходи на општина Крушево и 16 проценти во вкупните расходи на Прилеп, од кои најголем дел (88 проценти) се наменети за градежни активности. Со помалку од два процента, поединечно, во вкупните расходи учествуваат социјалните придобивки, резерви и отплата на долгови и камата.

Структурата на расходите на општината укажува на потреба од засилување на развојната компонента на буџетот, односно повисоко учество на капиталните расходи во вкупните расходи, со оглед на тоа што кај повеќето општини учеството, во просек, е повисоко од 20 проценти, што не е случај со анализираните општини. Зголемувањето на капиталните расходи, на сметка на расходите за плати и надомест и стока и услуги, може да поттикне развој на општината, но, исто така, да го подобри квалитетот на живот. Ова е особено значајно за жените и за родовата еднаквост затоа што вкупната инфраструктура и инвестициите во институции како што се градинки и домови за стари лица може значајно да придонесат за унапредување на родовата еднаквост во општината.

Графикон 4.2 Структура на буџетски расходи

Прилеп



Крушево



Извор: Буџет на општините Прилеп и Крушево за 2022 година, пресметка на авторите

5. ГОДИШНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП И КРУШЕВО

5.1 Активности од годишните програми директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Со цел обезбедување еднакви можности на мажите и на жените, а во согласност со Законот за еднакви можности на мажите и на жените[11], членот 14, општините се должни во рамки на своите годишни програми, планови и стратегии да го вклучат принципот за родова еднаквост и да ги промовираат и унапредат еднаквите можности меѓу жените и мажите. За таа цел, во двете општини е формирана комисија за еднакви можности, чијашто обврска е контрола и спроведување на законот на општинско ниво.

Во моментов, комисијата за еднакви можности (КЕМ) на Општина Прилеп има 13 членови, од кои 11 жени и двајца мажи[12], додека КЕМ на Општина Крушево има пет члена, од кои само една е жена[13]. Од нив, се избираат координатор и заменик координатор на комисијата за еднакви можности, што, според Законот за еднакви можности, треба да бидат од редот на државните службеници. Една од задачите на КЕМ е подготовка на годишна програма за еднакви можности во која се предвидуваат активности што се директно насочени кон поттикнување родова еднаквост во локалната заедница и подобрување на животот на жените на локално ниво. Но, Општина Прилеп нема подготвено ваква програма за 2022 година, додека во Општина Крушево е направен акциски план за родова еднаквост за 2022 и за 2023 година, каде што се алоцирани 60 илјади денари, но не е јасно колкав дел од планираните средства се наменети за активности што ќе се спроведуваат во 2022 година, ниту поединечната вредност на планираните активности (табела 3.1). Дополнително, збунува податокот што речиси 50 илјади денари се планирани за три активности (одбележување на 8 Март, одбележување на месецот за борба против рак на дојка и организирање работилници за правење компост во домашни услови), што укажува на тоа дека за спроведување на другите активности што се предвидени во планот остануваат само 10 илјади денари.

[11] Службен весник на Република Северна Македонија 6/12. Закон за еднакви можности на мажите и жените

[12] Службен гласник на Општина Прилеп бр. 14 од 01.11.2021 година

[13] Акциски план за родова еднаквост на Општина Крушево за 2022 – 2023 година

Табела 5.1 Активности за еднакви можности во Општина Крушево

Активност	Буџет
Водење родово разделена статистика	-
Засилување на капацитетите на општинската администрација за воведување и примена на родова интеграција	-
Одбележување на 8 Март	20.000 (за една работилница доколку не се плаќа сала)
Одбележување на октомври – месец на борба против рак на дојка	20.000 (за една работилница доколку не се плаќа сала)
Одбележување 16 дена активизам против родово насилство	-
Едукативни работилници во соработка со НВО за можностите за правење компост во домашни услови	10.000 (за една работилница доколку не се плаќа сала)
Обуки за жени претприемачи	-
Јавни тоалети на јавни површини во градот	-
Приспособување на образованието на потребите на пазарот на труд	-
Поттикнување претприемаштво кај млади девојки и момчиња	-

Извор: Акциски план за родова еднаквост на Општина Крушево за 2022 – 2023 година

Според Закон за локална самоуправа, општините се задолжени да изработуваат годишни програми за следниве надлежности: локален економски развој, образование, социјална заштита, спорт, млади, култура, локални патишта и улици, градежно земјиште, противпожарна заштита, меѓународна соработка и соработка со НВО. Притоа, родовата перспектива треба да биде вклучена во сите годишни програми, со цел обезбедување еднакви можности и унапредување на животот на жените и на мажите во локалната заедница. Сепак, анализата на постојните годишни програми на општините покажува дека родовата перспектива е земена предвид само при изработка на програмата за спорт и рекреација на Општина Крушево, каде што е предвидено еднакво финансирање на спортските и на рекреативните активности на мажите и на жените, но во програмата нема ниту една активност што може да се категоризира како директно насочена кон поттикнување еднакви можности. Во другите програми на Крушево, како и во програмите на Прилеп, не е наведено дека при нивно планирање и подготовка е земен предвид принципот на еднакви можности, ниту дека активностите се насочени кон поттикнување родова еднаквост и поквалитетен живот на локалните жени.

5.2 Активности од годишните програми индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Освен активности директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост предвидени во акцискиот план на Општина Крушево, во другите годишни програми може да се утврдат и активности што не се родово специфични, но нивното спроведување може индиректно да го подобри животот на жените во општината. Со оглед на тоа што при подготовка на програмата за спорт и рекреација на Општина Крушево е земен предвид принципот на еднакви можности, поголем дел од активностите во оваа програма се родово специфични, односно може да придонесат кон зголемено учество на жените во спортскиот живот во Крушево. Според табела 3.2, во оваа програма една половина од предвидените средства, или 372 илјади денари, се насочени кон активности што може да го поттикнат вклучувањето на жените во спортско-рекреативни активности и / или да ги поддржат и наградат нивните спортски активности. Сепак, во програмата нема јасни индикатори, кои покажуваат колку од предвидените средства ќе бидат доделени на женски спортски клубови и поединци, или колку од учесниците во организираните спортски настани ќе бидат жени, или други слични критериуми, кои упатуваат на правична распределба на средствата во рамките на оваа програма.

Табела 5.2 Активности од програмата за спорт и рекреација на Општина Крушево, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Училишни спортски игри	11.000	1,3 %
Атлетски крос	21.000	2,6 %
Финансиска поддршка на спортски клубови и поединци	220.000	26,8 %
Набавка на спортска опрема, реквизити и помагала	90.000	11 %
Ролерски куп	40.000	4,9 %
Доделување награди за најдобри спортисти	30.000	3,7 %

Извор: Програма за спорт и рекреација на Општина Крушево за 2022 – 2025 година

Анализата на развојните програми на двете општини покажа дека иако не е директно земен предвид концептот на еднакви можности, во нив се предвидени активности што може да го подобрат квалитетот на живот на локалните жени. Притоа, во нив е предвидена изградба на тротоари и пешачки патеки каде што ќе може да се движат детски колички и лица со посебни потреби, мрежа за осветлување што ќе го направи побезбедно движењето на жените низ локалната заедница, изградба и реконструкција на водоводна мрежа во согласност со потребите и улогата на жените во домаќинството и изградба на детска градинка.

Во развојната програма на Општина Прилеп се предвидени три активности што се категоризираат како индиректно насочени кон поттикнување на еднаквите можности поради следниве причини (табела 3.3). Прво, изградбата на водовод во населеното место Канатларци ќе ја олесни улогата и обврските на жените во домот, како готвење, миење, перење, хигиена и сл. Второ, изградбата на пешачка патека може да ја олесни мобилноста на жените, особено ако се има предвид податокот дека постојат значителни родови разлики во поседувањето возачка дозвола и моторно возило, во полза на мажите, и, оттука, поголем е бројот на жени пешаци[14]. И трето, инвестициите во детски градинки се значајни за родовата еднаквост од неколку аспекти: 1) Обезбедувањето соодветно сместување за сите деца на предучилишна возраст ја намалува обврската на родителите, најчесто мајките, да се грижат за нив, со што се зголемува нивната веројатност за активација на пазарот на труд. 2) Како што видовме во дел 1.4, најголем дел од вработените во детските градинки во општината се жени, па изградбата на нова градинка отвора нови можности за невработените жени. Но, ова е значајно само од аспект на економско засилување на жените што работат на овие позиции, додека од аспект на елиминирање на родовите стереотипи, овој потенцијал дополнително ги зацврстува. Поттикнувањето на мажите да се вклучат во економија на грижа може да доведе кон намалување на сфаќањата дека жената е таа што треба да се грижи за децата и за другите зависни членови во семејството, формално и неформално.

Табела 5.3 Активности од развојната програма на Општина Прилеп, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Изградба на водовод во Канатларци	10.636.824	13,2 %
Изградба на пешачка улица	25.539.000	31,7 %
Изградба на детска градинка	44.423.000	55,1 %

Извор: Развојна програма Општина Прилеп за 2022 година

[14] Реактор (2020) Инфографикон: Пандемијата и транспортот достапен на https://www.facebook.com/reactormkd/photos/pcb.3322600804507618/3322597837841248/

И жителите на општина Прилеп го истакнуваат проблемот со недостиг од слободни места во локалната детска градинка и потврдуваат дека тоа, често влијае врз неактивноста на жените на пазарот на труд.

И за двете деца немаше место во градинката, па сопругата мораше да ги чува – жител на општина Прилеп.

Проблемот со немање место во градинките е голем и одамна. Познавам многу семејства, чиишто деца не се згрижени и имаат проблем кој да им ги чува децата. А се знае, на крај мајката е таа што се жртвува – жителка на општина Прилеп.

Крајно време беше да се изгради нова градинка и да се згрижат повеќе дечиња. И оваа што се гради во моментов нема да може да ги згрижи сите што имаат потреба, но колку-толку ќе го олесни животот на некои семејства – жителка на општина Прилеп.

И во развојната програма на Општина Крушево се предвидени слични активности што може индиректно да го подобрат животот на локалните жени, како реконструкција на локални улици што ќе ја поттикнат мобилноста на жените, инвестиции во водоводна мрежа, што ќе ја олеснат нивната улога во домот, и инвестиции во јавно осветлување, што ќе го направи побезбедно движењето на жените низ локалната заедница. Според локалните жители, вакви инвестиции се многу потребни, со оглед на местоположбата и инфраструктурата на општината, но и нејзината основна стопанска гранка – туризмот.

Гледате, во Крушево имаме тесни улици, нагорнини, нема тротоари... така што движењето на сите, а особено на мајки со деца, со детски колички, на лица во инвалидски колички е речиси невозможно, особено во зимскиот период. Потребни се повеќе тротоари и паркинг-простор... затоа што сега и тие тротоари што ги имаме се користат за паркирање – жителка на општина Крушево.

Крушево е туристичко место, а бројот на туристи е особено голем во лето. Е тогаш, кога има најмногу луѓе, се соочуваме со недостиг од вода. Освен што нас како жени тоа особено ни ја отежнува грижата околу домот, тоа е и еден голем минус за градот од страна на туристите. Решавање на тој проблем мора да биде приоритет – жителка на општина Крушево.

Сега, поради енергетската криза, по 20 часот е невозможно да се движиш пеш низ градот затоа што е црна темнина. Но претходно не сме имале проблем со уличното осветлување – жителка на општина Крушево.

Во програмите на Општина Крушево не се предвидени инвестиции во детски градинки, но, според жителите, нема ниту потреба со оглед на малиот број деца на предучилишна возраст што живеат во Крушево. Сепак, податоците во дел 1.4 покажаа дека иако само 15 проценти од вкупниот број деца на предучилишна возраст што живеат во Крушево се згрижени во градинка, нема деца што не се згрижени поради недостиг од слободни места, што може да укажува на тоа дека за децата често се грижат мајките, бабите или други неактивни женски членови на семејството, па потребата од зголемување на капацитетот за згрижување не се препознава ниту од самите жители.

> *Кај нас нема мали деца. Дури и капацитетот на постојната градинка не е целосно исполнет – жителка на општина Крушево.*
>
> *Наталитетот е толку намален, што градинките ни се празни – жителка на општина Крушево.*

Табела 5.4 Активности од развојната програма на Општина Крушево, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Реконструкција на локални улици	13.179.087	9,1 %
Реконструкција на пат Св. Митрани – Врбоец – Кривогаштани	12.842.295	8,9 %
Изградба на улици во рурални населени места	12.602.026	8,7 %
Изградба и реконструкција на водоводна мрежа	25.500.00	17,8 %
Изградба на фитнес-зона	4.000.000	2,8 %
Модернизација на улично осветлување	1.230.000	0,9 %

Извор: Развојна програма на Општина Крушево за 2022 година

Во програмата се детално специфицирани и активностите насочени кон руралните населени места, што е особено значајно за подобрување на животот на жените што живеат таму, кои најчесто се соочуваат со недостиг од основни услови како пешачки патеки, вода, канализација и сл. Тоа што како главен проблем го истакнуваат жените што живеат во руралните населени места и во Крушево и во Прилеп е недостигот од локален јавен превоз до / од Крушево и Прилеп, што ја намалува нивната мобилност, но и можност за активација на пазарот на труд, со оглед на тоа што во руралните места речиси не постојат можности за вработување.

Јас работам во кујната на еден ресторан во Прилеп и до тука доаѓам со сопствено возило, за што трошам голем дел од мојата плата. Да има јавен превоз, сигурно ќе биде поевтино и поисплатливо – жителка на н. м. Мало Коњари.

Во Мало Коњари нема каде да се вработам, а имам потреба од вработување. Има можности за вработување во Прилеп, но нема како да дојдам до Прилеп, немам ниту возило ниту возачка дозвола, а нема ни јавен превоз – жителка на н. м. Мало Коњари.

Сепак, во програмата за уредување градежно земјиште се предвидени средства за набавка на автобуси за градски превоз, но не е познато дали ќе се воведат и линии до / од руралните населени места. Според табела 3.5. во оваа програма има и други активности што може да се категоризираат како индиректно насочени кон поттикнување еднакви можности поради причините споменати погоре, како инвестиции во јавно осветлување и изградба и реконструкција на општински патишта и улици. Дополнително, во програмата се предвидени средства за одржување и користење паркови и зеленило, кои се родово специфични ако се земе предвид фактот дека за децата најчесто се грижат жени, во улога на мајки или дадилки. Со оглед на тоа што тие со своите деца поминуваат одреден дел од своето време во овие паркови, поголемата понуда на зелени површини и паркови ќе придонесе кон поквалитетно поминато време со децата, а истовремено ќе ги задоволи потребите на сите жители на општината за нови зелени површини и паркови.

Во Прилеп имаме два поголеми и попознати паркови, кај судот и могилата. За жал, иако беа преубаво уредени, сега се многу уништени и речиси нефункционални и нема каде да ги носиме нашите деца. Освен што е потребна нивна реконструкција, треба и лице што ќе ги чува и врши контрола – жител на општина Прилеп.

Табела 5.5 Активности од програмата за уредување градежно земјиште на Општина Прилеп, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Одржување и користење паркови и зеленило	540.000.000	42,5 %
Изградба и реконструкција на јавно осветлување	7.000.000	5,5 %
Изградба и реконструкција на општински патишта и улици	25.000.000	19,7 %
Набавка на автобуси за градски превоз	15.000.000	11,8 %

Извор: Програма за уредување градежно земјиште на Општина Прилеп за 2022 година

Слични активности како тие што се предвидени во развојната програма, Општина Крушево предвидува и во програмата за општински патишта и улици и во програмата за одржување јавна чистота. Активностите насочени кон изградба, реконструкција и одржување на локалните улици се родово специфични затоа што може да ја зголемат мобилноста на локалните жени и мажи, додека инвестициите за одржување јавна хигиена може да го подобрат искуството во користење на јавните површини.

Табела 5.6 Активности од програмата за одржување локални улици и патишта и одржување јавна чистота на Општина Крушево, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Одржување и заштита на локални патишта	3.200.000	41,8 %
Зимско одржување	836.000	10,9 %
Изградба и реконструкција на локални патишта	350.000	4,6 %
Изградба на сообраќајна сигнализација	428.000	5,6 %
Одржување хигиена на јавни површини	1.220.645	15,9 %

Извор: Програма за општински патишта и улици и програма за одржување јавна чистота на Општина Крушево за 2022 година

Општина Прилеп има подготвено и програма за култура за 2022 година, каде што само еден од предвидените културни настани може да има индиректно влијание врз родовата еднаквост. Имено, само активноста за одбележување на 3 Ноември – денот на ослободување на Прилеп е родово одговорна, со оглед на тоа што често, меѓу добитниците на награди и признанија на овој празник има и жени и мажи, со што се истакнува и наградува нивната општествена улога и значајност во локалната заедница. За 2022 година, меѓу добитниците на награди-дипломи има четири жени и пет мажи, а плакета е доделена и на танцовиот клуб „Њу џенерејшн“ (New Generation) каде што најголем број од учесниците се жени.[15]

Табела 5.7 Активности од програма за култура на Општина Прилеп, индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост

Активност	Буџет	Учество во вкупна програма
Одбележување на 3 Ноември	150.000	2,6 %

Извор: Програма за култура на Општина Прилеп за 2022 година

[15] https://www.prilep.gov.mk/dodeleni-3-to-noemvriskite-nagradi-na-zasluzhni-gragjani-na-grad-prilep/?fbclid=IwAR1x1WSR2pnMCLhbcTjNqvVe9EVaMDqeQCZWqWCf7u8tKLC_FP2gV_qLvBU

Ниту една од општините нема подготвено годишна програма за социјална заштита, што е особено важна за поттикнување еднакви можности преку палета услуги и активности насочени кон одредени категории ранливи лица како лица со посебни потреби, стари и исцрпени лица, жртви на родово и семејно насилство и слично. Жителите на двете општини ја истакнуваат потребата за домови за стари лица, особено во време на рапидно иселување на младите лица, кога постарите остануваат сами во своите домови. Овие инвестиции се значајни од родов аспект со оглед на тоа што, поради недостиг од домови за згрижување, голем број жени мора да останат дома и да се грижат за стари исцрпени лица, што значи нивна неактивност на пазарот на труд и отежнување на другите лични обврски. Дополнително, според податоците за животниот век на жените и на мажите, поголем број од лицата на кои им треба дом за згрижување се жени.[16]

> *Во Прилеп има дом за стари лица, но многу е тешко да се најде слободно место, а има голема потреба. Кај нас вообичаено женските членови на семејството се грижат за постарите лица затоа што нема каде да се сместат – жител на општина Прилеп.*

> *Дом треба, да, особено сега во ова динамично време кога младите си имаат свои обврски. Иако овде традицијата, можеби, не дозволува да испратиш родител во дом, но пополека се менува менталитетот – жителка на општина Крушево.*

Во Крушево е истакната и потребата за организирани превентивни здравствени прегледи за рано откривање болести, по примерот на другите општини, особено што во општината има само здравствен дом без соодветни лекари специјалисти, па жителите мора да одат до поголемите градови за да ги добијат потребните здравствени услуги, што ги чини дополнителни пари и време.

> *Не сме чуле дека општината нуди превентивни прегледи, но доколку ги има, би ги искористиле, секако, затоа што немаме можност да ги добиваме овие услуги во нашиот град – жителка на општина Крушево.*

Прилеп и Крушево немаат подготвено ниту годишни програми за образование, иако жителите посочуваат три активности што се потребни и особено значајни за поттикнување родова еднаквост во локалната заедница. Прво, активностите за ангажирање образовни асистенти за деца со посебни образовни потреби се родово сензитивни со оглед на тоа што ќе ја намалат обврската на родителите, најчесто мајките, да им помагаат на децата во совладување на наставниот материјал.

[16] https://www.worlddata.info/life-expectancy.php#:~:text=The%20world%20average%20age%20of,data%20from%20the%20year%202020.

Второ, обезбедувањето топол оброк за учениците во основно училиште може да ја намали обврската на родителите, најчесто мајките, дел од своето слободно време да го трошат во подготовка на оброци за своите деца ученици, и оттука, оваа активност на општината е соодветна за поттикнување еднакви можности меѓу жените и мажите. И трето, обезбедување продолжен престој за првите одделенија во основно училиште, што е неопходно за подобрување на родовата еднаквост, од аспект на ослободување на родителите, најчесто мајките, за грижа на децата по завршување на наставните часови, што, од друга страна, ќе ја поттикне активацијата на пазарот на труд.

Општината е задолжена да се ангажираат образовни асистенти, но еве учебната година е почната, а сè уште не се ангажирани. А имаме многу деца што имаат потреба и сега се соочуваме со проблеми и неможност за соодветно следење на наставата. Родителите ни помагаат, но тоа не е решение – жителка на Прилеп.

Во училиштето на моето дете нема ниту топол ниту студен оброк. Тоа за нас како родители е проблем, особено за малите деца, кои не смеат да излезат да си купат, па мора да носат од дома, да потрошам време и идеја што да му подготвам – жителка на општина Прилеп.

Дома имам прваче, кое ниту знае само да поајде и да се врати од училиште, ниту може дома да седи само. Затоа јас не работам и се грижам за него – жителка на општина Прилеп.

Жителите на двете општини како голем проблем ги посочуваат кучињата скитници, кои движењето низ локалната заедница го прават небезбедно, особено за жените и мајките со деца, но ниту една од општините нема предвидено активности за негово решавање.

Проблемот со кучињата мора да се реши, дали со служба за фаќање, шинтерска служба или на друг начин...не знам, но е голем проблем. Не е безбедно да се движиш, има голем број случаи кога жителите се каснати од куче скитник – жител на општина Крушево.

Особено ова лето бројот на кучиња скитници е огромен. Мене лично ми е страв да се движам сама низ градот – жителка на општина Прилеп.

5.3 Буџетска структура на активности насочени кон унапредување на еднаквите можности

Прегледот на структурата на програмите на општините Прилеп и Крушево од аспект на соодветноста на активностите за родовата еднаквост е направен според дефинираните категории во дел два (со 1 доколку се индиректно насочени кон унапредување на родовата еднаквост и 0 доколку не придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост во општината), притоа водејќи сметка за приоритетите и за потребите на локалните жени и мажи.

Графикон 3.3 прави сумарен преглед на структурата на програмите на Општина Крушево од родова перспектива. Притоа, од вкупно четири програми, во ниту една нема активности што се директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост, односно категоризирани со 2. Во сите четири програми има активностите што се индиректно насочени кон засилување на жените, а во две од нив (програма за одржување јавна чистота и програма за општински патишта и улици) учеството на издвоените средства за унапредување на родовата перспектива во вкупната програма е значајно и нивното учество е повеќе од две третини, додека кај другите две програми, учеството на издвоените средства за оваа цел е помалку од една половина во вкупните средства прераспределени за програмата.

Графикон 3.3 Структура на програмите на Општина Крушево од аспект на соодветност на активностите за унапредување на родовата еднаквост



Извор: Програми и буџет на Општина Крушево за 2022 година

Во Општина Прилеп, пак, во сите три анализирани програми се категоризирани активности што може индиректно да имаат влијание врз поттикнување на родовата еднаквост. Како што споменавме претходно, сите три предвидени активности во развојната програма се родово специфични, како и поголем дел од активностите во програмата за уредување градежно земјиште, додека во програмата за култура само 2,6 проценти од вкупните средства може да се категоризираат како индиректно насочени кон поттикнување на еднаквите можности на жените и мажите (графикон 3.4).

Графикон 3.4 Структура на програмите на Општина Прилеп од аспект на соодветност на активностите за унапредување на родовата еднаквост



Извор: Програми и буџет на Општина Прилеп за 2022 година

На крај, анализата на учеството на активностите што директно или индиректно може да ја унапредат родовата еднаквост во вкупниот буџет на анализираните општини покажува дека во сите три програми на Општина Прилеп се издвоени средства што може индиректно да ги поттикнат еднаквите можности на локалните жени и мажи. Притоа, за вакви активности, во развојната програма се алоцирани 5,73 проценти од вкупниот буџет, во програмата за уредување градежно земјиште 7,18 проценти од вкупниот буџет и во програмата за култура само 0,01 процент од вкупниот буџет (графикон 3.5). Иако овие средства се симболични, сепак тие се значајни од родов аспект, особено тие што се насочени кон изградба на детска градинка, кои се важни од аспект на намалување на товарот за работа и за грижа во домот поврзана со деца и можност за активација на жените на пазарот на труд.

Графикон 3.5 Учество на активностите од програмите во вкупниот буџет на Општина Прилеп



Извор: Програми и буџет на Општина Прилеп за 2022 година

И во Општина Крушево нема активности категоризирани со 2, односно активности што се директно насочени кон унапредување на родовата еднаквост во локалната заедница, но релативното учество на издвоените средства за индиректно унапредување на родовата еднаквост е поголемо во споредба со тоа во Општина Прилеп, особено во развојната програма каде што се издвоени 35 проценти од вкупниот буџет за активности категоризирани со 1 (графикон 3.6). Сепак, поради неколкукратно помалиот буџет во апсолутен износ, издвоените средства се помали, но се значајни за поттикнување еднакви можности, особено во руралните населени места, со оглед на тоа што има многубројни активности насочени кон изградба, реконструкција и одржување водоводна мрежа, локални патишта и улици и јавно осветлување, што може значително да ја зголемат мобилноста на жените и да ја олеснат нивната улога во домот.

Графикон 3.6 Учество на активностите од програмите во вкупниот буџет на Општина Крушево



Извор: Програми и буџет на Општина Крушево за 2022 година

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Воспоставување еднакви можности, третман и статус на жените и на мажите во општеството е активност што треба да се спроведува континуирано на сите нивоа на власт и од сите клучни фактори во општеството, со цел намалување на минимум на родовиот јаз што постои во клучните сфери на дејствување и живеење. Општините, како посебни организациски субјекти, се едни од клучните субјекти одговорни за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и на мажите, тие се должни да формираат Комисија за еднакви можности што учествува во создавање и во спроведување на сите локални планови, програми и стратегии со цел принципот на еднакви можности да се вгради во сите локални стратегиски документи.

Во општините Прилеп и Крушево се формирани комисии за еднакви можности, како постојно тело, чиишто членови најчесто се менуваат со промена на власта или на градоначалникот. Со цел вклучување на принципот на еднакви можности во сите локални програми, **општините треба да ја вклучат комисијата за еднакви можности во подготовка и разгледување на сите локални стратегиски документи** насочени кон социјална и здравствена заштита, образование, економски развој, одржување паркови, зеленило, градежно земјиште, унапредување на спортот и на животот на младите во локалната заедница и слично. Дополнително, со цел спроведување суштински промени во родовата еднаквост во заедницата, неопходна е **алокација на поголема сума буџетски средства** во локалниот буџет и соодветните програми.

Освен активностите од програмата за еднакви можности на жените и на мажите на Општина Крушево, во ниту една друга програма не се идентификувани активности што може директно да ја унапредат родовата еднаквост во општината, што укажува на потребата од хоризонтално **вградување на принципот на родова еднаквост при планирање на годишните локални програми.**

Во другите локални програми се идентификувани активности што може индиректно да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, но, често, за финансирање на овие активности се издвоени малку средства од буџетот на Општината, кои не може да придонесат кон значително подобрување на положбата на жените во локалната заедница. Оттука, препорачуваме **вградување на принципот на еднакви можности во сите или во поголем дел од локалните програми, преку планирање активности што (ин)директно ќе ја подобрат родовата еднаквост, соодветно на утврдени состојби и анализа на потребите на жените и на мажите, и издвојување поголеми средства од локалниот буџет насочени кон воспоставување еднакви можности за жените и за мажите во општината.**

Во согласност со наодите од ова истражување, главен приоритет за Општината треба да биде развој на активности насочени кон следниве категории лица: деца на предучилишна возраст и стари лица. Имено, и двете општини задолжително треба да подготват **Програма за социјална заштита,** со цел да ги заштитат овие две категории, но и лицата што се грижат за нив, најчесто женските членови на семејството. Во програмата се потребни активности за зголемување на капацитетот за згрижување деца на предучилишна возраст, што е значајно за унапредување на родовата еднаквост бидејќи може значително да ги намали обврските на родителите за грижа за нив, особено на мајките, и, од друга страна, да влијае врз нивна активација на пазарот на труд, што директно ќе придонесе кон унапредување на родовата еднаквост во општината. Услуги за социјална заштита на стари исцрпени лица се, исто така, потребни, со цел намалување на товарот врз членовите на семејството, најчесто жените, што се грижат за овие лица. Дополнително, поради неискористениот капацитет на постојниот дневен центар за лица со попреченост во Прилеп, Општината треба дел од своите активности да ги насочи кон **промоција и зголемување на свеста на родителите на деца со попреченост за услугите што ги нуди дневниот центар за лица со попреченост.** Вклучувањето на децата со попреченост во овој центар може да има позитивно влијание врз намалување на обврските на родителите, особено мајките, за нивна нега и со тоа ослободување време за активација на пазарот на труд. Една од категориите за кои општините треба да предвидат соодветни активности за заштита се жртвите на родово базирано насилство, со цел нивна физичка и финансиска заштита, како и поттикнување, односно зголемување на свеста за пријавување претрпено насилство.

Локалното население ја истакнува потребата од **воведување целодневна настава во основните училишта** во општината, со цел давање можност на родителите што се грижат за овие деца да се активираат на пазарот на труд со цело работно време. Со оглед на тоа што оваа активност би придонела кон унапредување на родовата еднаквост во општината, препорачуваме двете општини задолжително да подготват **програма за образование** во која ќе се предвидат активности за воведување продолжен престој за учениците во првите одделенија во основно училиште, со цел намалување на обврската на родителите, најчесто мајките, за грижа пред / по завршување на часовите, што е често причина за нивна неактивност на пазарот на труд. Дополнително, потребни се активности за обезбедување оброк за децата во основно образование, што не мора да биде бесплатен, но е значајно, особено од аспект на родовата перспектива, со оглед на тоа што најчесто мајките се тие што трошат дел од своето време и енергија за да подготват оброк за децата во училиште.

Иако Општина Прилеп обезбедува буџетски средства за одржување паркови и зеленило, жителите на општината го истакнуваат недостигот од зелени површини и нивно редовно одржување. Со оглед на тоа што оваа активност

го подобрува квалитетот на слободното време на родителите, најчесто на мајките и на нивните деца, препорачуваме во **програмата за уредување градежно земјиште** да се предвидат активности за **реконструкција на постојните паркови со зелени површини и ангажман на соодветно обезбедување со цел нивна заштита од уништување.** Жителите/ките на двете општини го истакнуваат проблемот со недостиг од тротоари и слободен простор за движење, особено на родители со детски колички и на лица со попреченост, што настанува поради недостигот од паркинг-места, односно користење на тротоарите за паркирање. Оттука, препорачуваме во програмата за уредување градежно земјиште да се прераспределат буџетски средства за **уредување на тротоарите и на пешачкиот простор со цел непречено движење на сите жители/ки.**

Во Прилеп и во Крушево има недостиг од јавен превоз, особено до руралните населени места и од нив, а голем проблем прави и слободното движење на кучињата скитници низ општините. И двата проблема ја ограничуваат мобилноста на населението, особено на жените, па е неопходно нивно решавање со цел унапредување на родовата еднаквост. Оттука, препорачуваме во некоја од локалните програми да се предвидат средства за **воведување јавен превоз до руралните населени места, како и средства за заловување и згрижување на кучињата скитници.**

Со цел следење на потребите и приоритетите на локалните жители, Општината треба **при планирање нови програми, да ги вклучи жените и мажите во процесот на создавање на локалните стратегиски документи за да добие јасна слика за променетите потреби и приоритети со цел креирање родовоспецифични активности што ќе одговорат на потребите на жените и на мажите што живеат во локалната заедница.**